| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 21 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Наставникот на видеобим/ смарт табла истакнува слика.<br>*Учениците се насочуваат да замислат дека тоа е нивна куќа. Опишуваат како изгледа, каде се наоѓа, што има во непосредна близина и сл.<br><br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Родна куќа“ од Ванчо Николески(стр. 20).<br>*Одговараат на прашања поврзани со содржината.<br>• За кого ја пишувал песната поетот Ванчо Николески?<br>• Каде била неговата куќичка?<br>• Што тече во близина на куќичката?<br>• Какви чувства буди куќичката во него?<br>• Како изгледа во неговите очи малечката куќичка?<br>*Наставникот повикува 7 ученици и на секој му дава лист на кој е запишана една строфа.<br>Учениците се подредени по редослед. Првиот ученик ја чита првата строфа и се искажува од колку стиха е составена строфата. Ја опишува поетската слика. Ја истакнува строфата на табла. Се запишува реченицата за поетската слика на табла. | 7 А4 листа на кои е запишана по една строфа од песната<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>учебник стр. 20<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба<br><br>Определува строфа, стих рима во песна<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. **Мојата куќичка ниска на срце ми е блиска.**<br>*На ист начин се анализираат и другите строфи.<br>2. **Скриена на крајот од селото.**<br>3. **Убав топол дом.**<br>4. **Поточе тече крај куќичката.**<br>5. **Волшебни сказни од детството.**<br>6. **Срце полно со топлина.**<br>7. **Мала куќа-голема ко палата.**<br>*Учениците изведуваат заклучок – Песната е составена од 7 строфи. Секоја строфа има по 2 стиха.<br>*Учениците се насочуваат да ги откријат зборовите кои завршуваат со исти или слични слогови.(нис-ка, блис-ка, ми-ла, сила...). Се искажуваат дека овие зборови полесно се запомнуваат и овозможуваат полесно меморирање на песната.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците ги препишуваат речениците за поетските слики.<br>*Песната се меморира за време на продолжениот престој.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Изговор</td><td>Самостојно дели разносложни зборови на слогови</td><td>22</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>*Секој ученик замислува еден збор. Го изговара, запишува на табла и се искажува од колку букви е составен зборот.<br>Пр. ЗАБ<br>Зборот заб е составен од 3 букви, маса(4), летало(6) и сл.<br>*Повторување за глас – буква – збор.<br>Буквата е писмен знак на гласот. Во македонскиот литературен јазик има 31 буква(31 глас).<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Се анализираат запишаните зборови на таблата.<br>• Кои зборови се изговараат со едно издишување воздух од устата?( нос, еж, бор...). Од колку слогови е составен зборот?<br>*Учениците се искажуваат за еднослoжни зборови - составени од 1 слог. (една самогласка а, е, и ,о или у)<br>• Кои зборови е изговараат со две издишувања воздух од устата? ( мо-лив, ба-лон, ри-ба...).<br>Двосложни зборови се составени од 2 слога и во секој слог има по една самогласка.<br>• Кои се изговараат со три или повеќе издишувања воздух од устата? ( ли-ва-да, ма-те-ма-ти-ка...)<br>Трисложни зборови се составени од 3 слога и во секој слог има по една самогласка.</td><td>табла/бела<br><br>креда/маркер<br><br>тетратка<br><br>учебник стр. 16<br><br>прибор за пишување<br><br>компјутер<br><br>видеобим</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Дели разносложни зборови на слогови<br><br>Препознава збоорови составени од два, три и повеќе слога<br><br>Домашни задачи</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците го препишуваат текстот „ Како расте татковината“ од Оливера Николова (стр. 16) со поделба на зборовите на слогови.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*На видебим се прикажува точна поделба на зборовите на слогови и учениците се проверуваат коклу правилно ја извршиле поделбата.<br>Се-га се на-о-ѓа-ме во е-ден град. По не-го от-кри-ва-ме и ед-но се-ло, па тре-то... Заг-ле-ду-ва-ме но-во по-ле, но-ви ни-ви, ед-на но-ва, дла-бо-ка ре-ка. А тат-ко-ви-на-та, пак бе-га.<br>Ка-ко да ја стиг-не-ме?<br>Се се-тив-ме со ит-ри-на. Ќе чи-та-ме кни-ги за не-а, ќе ја цр-та-ме, ќе ја за-мис-лу-ва-ме, ќе ја про-у-чу-ва-ме...<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред. | 23 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Повторување за поделба за зборовите на слогови.<br>Наставникот истакнува преку презентација или на таблата зборови кои се правилно и неправилно поделени на слогови. Учениците треба да ги откријат неправилно поделените зборови и да објаснат како правилно се делат.<br>Се поведува дискусија:<br>• Зошто е потребно да знаеме да ги делиме правилно зборовите на слогови?<br>• Кога употребуваме поделба на зборови на слогови во писменото изразување?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Читање и анализа на текст „Бреза“ од Видое Подгорец истакнат на видеобим. Учениците се насочуваат да ги пронајдат заборовите кај кои дел од зборот е пренесен во нов ред:<br>при- јателка, часо-ви, ди-ше, ко-га,сонли-ви, зеле-ни, мо-јот, по-минува.<br>*Учениицте изведуваат заклучок - дел од зборот се пренесува кога нема доволно простор за да се напише целиот збор во редот.<br>*Секој збор се анализира како може поинаку да се подели за да се пренеси во нов ред зависно од просторот во редот.<br>**Пр.** | табла/бела<br>креда/маркер<br>компјутер<br>презентација<br>видеобим<br>тетратка<br>учебник стр. 17,18<br>работен лист<br>боички<br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Дели разносложни зборови на слогови<br>При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br>Одговори во работен лист<br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | пријателка = при-јателка, прија-телка, пријател-ка<br>*Учениците се запознаваат со правилата кои се важни при пренесување на дел од зборот во нов ред и забележуваат во тетратка:<br>• Делот од зборот го пренесуваме во нов ред онаму каде што завршува слогот;<br>• Делењето се бележи со цртичка -во истиот ред, а во новиот ред го пишуваме другиот дел од зборот;<br>• Една буква не се пренесува. **Пр**. та-а, ради-о<br>• Една буква не останува сама во претходниот ред у-чилиште, о-са<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците самостојно работат во работен лист за проверка на совладаноста на пренесување на дел од збор во нов текст.<br>*Предлог работен лист од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр. 45*<br>Прочитај го текстот„Овчарот и овците". Точно пренесените зборови во нов ред заокружи ги со зелена боичка. А погрешно пренесени зборови пречкртај ги со црвена боја. Во колоната десно напиши како правилно може да се пренесе соодветниот збор<br>*Предлог активност за домашна работа*<br>Препиши го текстот „Утро" стр.18 во својата тетратка и поправи ги грешките кај некои од пренесените зборови од еден во друг ред.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржината на слушнатиот текст | 24 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*На видеобим се истакнува текст„ Највисокиот град во Македонија“ – *предлог текст од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина.*<br>Учениците во себе ја читаат содржината. Преку прашања се проверува колку ја разбрале содржината и дали откриле за кој град станува збор.<br>• Како се вика највисокот град во Македонија?<br>• Зошто се нарекува највисок?<br>• На која планина е сместен?<br>• Кој го посетува градот во летниот и зимскиот период? Зошто?<br>• Кои познати места можат да се посетат таму?<br>• Дали го имаш посетено највисокиот град во Македонија? Што ти се допадна најмногу?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците во работен лист прават самостојна анализа на текстот.<br>*Го читаат текстот за да ги воочат местата, поважните споменици и лица, локациите на кои се наоѓаат.<br>*Одговараат на барањата поставени во работниот лист:<br>• Опис на изгледот на крушевските куќи;<br>• Пронаоѓање на имињата на најважните и најчесто посетувани споменици ;<br>• Месноста Гумење со споменички комплекс „Илинден“познат како Македониум; | табла/бела<br>креда/маркер<br>компјутер<br>презентација<br>видеобим<br>работен лист<br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржина на текст<br>Одговори во работен лист<br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Спомен-куќата на нашиот најдобар пејач Тоше Проески,<br>• Споменикот Мечкин Камен, подигнат во чест на храбрите илинденци, кои се бореле во Илинденското востание во 1903 година.<br>*Се читаат и анализираат одговорите од работните листови.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците следат видео – Истражи ја Мекедонија<br>Да научиме и нешто повеќе за Крушево<br>https://www.youtube.com/watch?v=mPjbZrp1hso<br>*Учениците усно се искажуваат и со свои зборови опишуваат како го доживуваат градот Крушево .<br>*Предлог за домашна работа- стр. 19 . Да се препише песна по избор(Кочани, Ресен, Тетово, Гевгелија и да се напише краток опис за содржината, местата, локациите и објектите.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и користење правописни правила | Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците. | 25 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците во групи добиваат збор каде буквите се со измешан редослед. Треба да го откријат точниот збор.<br>**Пр.** Е П Ш Т Р А Е – ПЕШТЕРА<br>А П И Н А Л Н – ПЛАНИНА<br>Ж В О О И Т Н И -ВИНОЖИТО<br>Л В О И Н А И - ВИОЛИНА<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците анализираат илустрација и се искажуваат со реченици што забележуваат на неа.**Пр.**<br><br>• Во градината има момче и девојче.<br>• Момчето сади цвеќе во градината.<br>• Девојчето го полева цвеќето.<br>• Тие се вредни и се грижат за природата.<br>*Искажаните реченици се запишуваат на табла.<br>*Учениците изведуваат заклучок за реченица:<br>Реченица е целосна мисла искажана или напишана со зборови.<br>*Учениците се искажуваат кои зборови недостигаат во речениците за да се добие целосна мисла:<br>1. Марко напиша домашна работа во ....<br>2. Учениците играат со јаже пред ....<br>3. Родителите присуствуваат на новогодишната ....<br>4. Мојата другарка... | табла/бела<br>креда/маркер<br>компјутер<br>презентација<br>видеобим<br>работен лист<br>прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Препознава неправилен редослед на букви во зборови<br>Препознава неправилен редослед на зборови во реченици<br>Пишува реченици со правилен зборোред.<br>Одговори во работен лист<br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците се насочуваат да ги прочитаат речениците и да се искажат за нивната содржина.<br>1. Зад нашата куќа ѝ купија тротинет.<br>2. На мојата другарка растат високи дрвја.<br>3. На ливадата спие во зимски сон.<br>4. Мечката има многу цвеќиња.<br>*Откриваат нелогичности во смислата на речениците и во другите реченици пронаоѓаат која би била точната смисла за реченицата да биде правилно и јасно искажана.<br>• Зад нашата куќа растат високи дрвја.<br>• На мојата другарка ѝ купија тротинет.<br>• На ливадата има многу цвеќиња.<br>• Мечката спие во зимски сон.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците индивидуално пополнуваат работен лист каде треба правилно да ги подредат зборовите во речениците. **Пр.**<br>*1*. вредни Ние ученици сме.<br>2. распуст Летниот помина брзо.<br>3. чистотата за грижат се Учениците.<br>4. одделение по успех најдобро е Нашето<br>Учениците ги читаат речениците и се прави проверка на точноста на решенијата.<br>*Предлог за домашна работа: Чуден текст(стр. 24)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Пишување и користење правописни правила</td><td>Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците.</td><td>26</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Читање и анализа на домашната работа„ Чуден текст“. Еден ученик го чита текстот со грешки (точката е поставена на погрешно место со што се менува смислата на реченицата). Друг ученик чита како правилно треба да биде напишан текстот.<br>Денеска Драган радосно истрча од дома. На главата имаше топла капа. Околу вратот му се вееше волнен шал. На нозете имаше прекрасни жолти чевли. На сите згради се вееја знамиња. Минуваа жени, мажи и деца со свечени изрази на лицата.<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците следат насоки за индивидуална работа во работен лист:<br>• Откривање на зборови со неправилен редослед на букви; Р Б Т О А А - РАБОТА<br>• Пронаоѓање на погрешно напишани зборови во реченица; (лојзето- лозјето)<br>• Пронаоѓање на грешки во краток текст и препишување на текстот правилно(Соцнето полка се спушташе зад рдот);<br>• Подредување на зборови во реченици(е студено зима надвор во.)<br>Предлог работен лист- Вежбанка по македонски јазик за</td><td>тетратка за домашна работа<br><br>работен лист за индивидуална работа<br><br>картички за квиз</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава неправилен редослед на букви во зборови<br><br>Препознава неправилен редослед на зборови во реченици<br><br>Пишува реченици со правилен зборoccurred ред.<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашни задачи</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *трето одделение од Арс Ламина стр. 46*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* **Квиз игра-** „Реченица – Реденица“. Учениците имаат картички :<br> точно искажана реченица<br> погрешно искажана реченица<br>*Наставникот чита реченица, а учениците ја подигаат соодветната картичка.<br>• Максим и Леон играат шах.<br>• Кревет заспа на удобниот Ведран.<br>• Коската брзо ја изеде кучето.<br>• Драгана отиде да купи леб и млеко.<br>• Прозорецот замислено гледаше низ Санела.<br>• Силно заврна косата и ми ја намокри дождот.<br>• Ена ги изми забите и легна да спие.<br>• Марта ги гледаше високите дрвја во паркот.<br>• Водата ја испи Јаков бидејќи беше жеден.<br>• Мравјалникот влегоа во мравките.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна, драмски текст, песна) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима). | 27 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Претходна подготовка- истакнато македонско знаме на видно место во училницата. Наставникот застанува до знамето и изразно ја чита поемата„ На 11 Октомври“ од поетесата Македонка Јанчевска.<br>**Радуј се, земјо родна,**<br>**запеј, Вардаре драг.**<br>**Расцветај ѕвездено небо**<br>**над мојот татков праг.**<br>**Денес празник слави**<br>**народот најмил мој.**<br>**Денов пред многу лета**<br>**во крвав пошол бој.**<br>**Пукнале првите пушки,**<br>**запеал куршумот врел.**<br>**Во борба крвава тргнал**<br>**мојот народ смел.**<br><br>*Учениците низ разговор се запознаваат со значењето на празникот 11 Октомври- Ден на народното востание, соодветно на нивната возраст.<br>Нека ни е честит и вечен празникот!<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците внимателно следат изразно читање на песната „ Единаесетти октомври“ од поетот Александар | македонско знаме<br>компјутер<br>видеобим<br>бела табла<br>учебник<br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Определува строфа и стих во песна<br>Определува рима во песна<br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кујунџиски со отворени учебници(стр.26).<br>*Одговараат на поставени прашања за содржината на поетската творба:<br>• Каков вид на текст е „Единаесетти октомври?“(песна)<br>• Од колку строфи е составена песната?<br>• По колку стихови има во секоја строфа?<br>• Кој е автор/поет кој ја напишал песната?<br>• Какво значење има насоловот Единаесетти октомври?<br>*Читање на песната од учениците и опишување на поетските слики. Се искажуваат за римуваните зборови во секоја строфа.<br>*Песната се меморира строфа по строфа во текот на часот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Препишување на песната( песната може да се препише и за време на продолженот престој на учениците).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 28 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Преку постер со печатни латинични букви се повторуваат изучените букви.<br>• Aa, Ee, Jj, Oo, K k , Ḱ ḱ , Tt, Mm, Pp<br>на таблата се стануваат неколку ученици и запишуваат кратки збоорви со изучените букви<br>kapa, topka, kajak, majka, Tome, Meto…<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Наставникот запишува зборови на таблата на кирилица. Учениците треба да откријат во кој збор има буква која не ја имаме учено да ја пишуваме на латиница.<br>Теа, Мате, Мики, Нате, Анета,<br>Tea, Mate, Miki, Nate, Aneta<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Нн и Ии од кирилицата со латиничнте букви Nn, Ii.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>**nane, Nina, nea, nema, nota, nate ,nakit, tetin, ima, ime, mie…**<br>**Nina ima nakit.**<br>**Toni pee po noti.**<br>**Tino e kaj tetin Toni** | постер со печатни букви од кирилица<br>постер со печатни букви од латиницата<br>табла<br>маркер/креда<br>учебник<br>тетратка<br>празни картички за пишување на букви и зборови<br>кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br>Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Niki nema kajak, ima topka.**<br>*Се запишуваат новите зборови на картончиња и се ставаат во „ZBOROVNA KUTIJA“ во литературното катче.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците самостојно препишуваат реченици од кирилица на латиница. Во парови си проверуваат дали правилно ги напишале речениците.<br>**Тина е кај Тони.**<br>**Јана има патики.**<br>**Мите мести антена.**<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 29 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците читаат зборови и реченици од домашната работа- повторување на изучените печатни букви од латиницата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>* Учениците ги читаат и запишуваат истакнатите зборови во тетратката. Го запишуваат зборот така што изучените букви ги пишуваат на латиница,а буквите кои не ги имаме учено на печатна кирилица.<br>**Пр**. Ване – Bane, Весна - Bесna , тава - taвa<br>ананас – ananaс, весник - веcnik   војник - вojnik<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Вв, Сс од кирилицата со латиничнте букви Vv, Ss.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>*Се запишуваат новите зборови на картончиња и се ставаат во „ZBOROVNA KUTIJA“ во литературното | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>празни картички за пишување на букви и зборови<br><br>кутија | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашни задачи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | катче.<br><br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците самостојно препишуваат реченици од кирилица на латиница. Во парови си проверуваат дали правилно ги напишале речениците.<br>**Тина е кај Тони.**<br>**Јана има патики.**<br>**Мите мести антена.**<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
